# Со 38.3 милиони УСД добиени со заем од Светската Банка, Владата се справуваше со последиците од COVID-19

## Дали граѓаните ги чувствуваат придобивките од овие средства или пак само ќе ги враќаат? [1]

Во АПРИЛ 2020 година, Владата се задолжи кај Светската банка за спроведување на проект вреден 100 милиони УСД, а до декември годинава искористи 38.3 милиони УСД (38 милиони УСД транши и 0.3 милиони УСД за провизии).




Искористен дел од вкупно одобрениот износ

КАКО СЕ КОРИСТАТ ДОБИЕНИТЕ СРЕДСТВА = **НЕМА ИНФОРМАЦИИ**

ДОСТАВЕНИ 24 БАРАЊА ЗА ИНФОРМАЦИИ = **ДОБИЕНИ 24 ОДГОВОРИ БЕЗ ИНФОМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ**

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО СМЕТА ДЕКА **НЕ Е КОРИСНИК** НА СРЕДСТВА ОД ПРОЕКТОТ

ВЛАДАТА **НЕМА ИНФОРМАЦИИ** ЗА ПРОЕКТОТ

[1] Документот се базира на податоци од Светска банка како единствен извор на информации за спроведување на проектот: https://projects.worldbank.org/en/projects-operations/project-detail/P173916

- Социјална заштита
- Јавна администрација
- Здравство
- Објекти и градежни зафати во јавното здравство

73% од одобрените средства ќе се користат за обезбедување на социјална заштита на граѓаните, 13% за унапредување на здравјето на граѓаните, 13% за одржување на јавно здравствените објекти и спроведување на градежни зафати и 1% ќе се користи за плати и останати трошоци на јавната администрација која го администрира проектот.






## КОЛКУ ОД ДОБИЕНИТЕ СРЕДСТВА СЕ ПОТРОШЕНИ ЗА СЕКОЈА ОД НАМЕНИТЕ

=

## НЕМА ИНФОРМАЦИИ

## Со добиените средства од проектот до декември, 2020 година:



- **31.736** лица биле опфатени со гарантирана минимална помош
- **12.469** невработени лица биле помогнати со надомест
- во тек е унапредување на тест верзијата на апликацијата на процедурите за спроведување на мерки за социјална заштита во време на COVID-19



**0** лаборатории опремени со дијагностичка опрема, сетови за тестирање и реагенси согласно упатствата на МЗ од планирани **10**

**0** домаќинства обезбедени со храна и хигиенски пакети од планирани **40**




**0** купени вентилатори од планирани **50**[2]



**Целта на проектот за брз одговор на последиците предизвикани од COVID-19 кој го спроведува Владата на Република Северна Македонија во вредност од 100 милиони УСД, е да се спречи, открие и одговори на заканата од COVID-19, како и да се зајакне и унапреди подготвеноста на јавниот здравствен сектор.**

**Проектот се состои од три компоненти.**

**I. Обезбедување на непосредна поддршка и помош на Република Северна Македонија за ограничување на националниот пренос на COVID-19 преку креирање и спроведување на стратегии за справување со кризата.**

Оваа компонента вклучува три подкомпоненти:

- подобрување на постапката на откривање на новозаразени случаи, потврда на нови случаи, следење на контакти, известување и следење,
- зајакнување на националниот здравствен систем,
- финансирање на премијата за здравствено осигурување на ранливи групи на корисници.

**II. Поддршка за обезбедување на привремен приход на лица и домаќинства за да им се овозможи да ги почитуваат мерките за социјално дистанцирање што ги воведе Владата.**

Оваа компонента вклучува две подкомпоненти:

- привремен надомест за социјална заштита,
- привремен надоместок во случај на невработеност.

**III. Административни и човечки ресурси потребни за спроведување на проектот, како и следење и проценка на напредокот.**

[2] Индикаторите за мерење на успешноста на проектот можете да ги прочитате на следниот линк: https://projects.worldbank.org/en/projects-operations/project-detail/P173916


Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА